РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

**Арх.бр.11-479/16**
од 10.12.2024 година
Кавадарци

До
**Градоначалник на Општина Кавадарци**

Врз основа на член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ" бр.32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24) и донесената Програма за изменување и дополнување на програмата за изработка на урбанистички планови на Општина Кавадарци за 2024 година со Одлука број 08-625/4 од 30.01.2024 година објавена во Службен Гласник на Општина Кавадарци бр.45/24 донесена од страна на Советот на Општина Кавадарци, Градоначалникот на Општина Кавадарци го дава следното

## СООПШТЕНИЕ
### За спроведување на јавен увид по

### Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, со поединечна класа на намена А4.3 - викенд куќи и други објекти за времено сместување на КП бр.7244, м.в.Белите камења, КО Кавадарци вон град, Општина Кавадарци

### Член 1

Се известуваат граѓаните на Општина Кавадарци дека се организира **Јавен увид** по **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, со поединечна класа на намена А4.3 - викенд куќи и други објекти за времено сместување на КП бр.7244, м.в.Белите камења, КО Кавадарци вон град, Општина Кавадарци,** со тех.бр.01-02/2024 од октомври 2024 година изработен од Друштво за трговија на мало и проектирање АРХИКОНС Јован ДООЕЛ Кавадарци.

## Член 2

Проектниот опфат е со површина од 0,1722ха и се наоѓа надвор од населено место, на околу 30 м западно од планскиот опфат на град Кавадарци, на надморска височина од околу 352м односно КО Кавадарци вон град на надморска височинана од околу 352м.

Проектниот опфат е со површина од 0,1722ха.

***ЦЕЛИ***

Основна цел за изработка на овој урбанистички проект вон опфат на урбанистички план е оформување на комплекс за развој на туризам, со што ќе се овозможат економски придобивки и развој на локалната економија, како и позитивно влијание врз животната средина и јавното здравје на луѓето. Проектната документација има крајна цел преку:

- Усогласување на проектот со поставките од Просторниот план на Р.М.;
- Рационално користење на земјиштето;
- Ефикасно инфраструктурно поврзување и опремување на просторот;
- Обезбедување услови за одржлив економски развој и работа на граѓаните;
- Вградување на мерки за заштита на животната средина, природното и културното наследство,
- Вградување мерки за справување со отпад, мерки за одржлива мобилност и безбедност во сообраќајот;
- Вградување мерки за заштита и спасување;
- Справување со климатските промени со вградување на стратегии на одржливост во просторниот развој;
- Почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето;
- Да ги дефинира урбанистичките параметри за изградба, развој и користење на земјиштето во рамките на планскиот опфат, при реализација на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, со поединечна класа на намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 7244, м.в. Белите камења, КО Кавадарци вон град, општина Кавадарци.

***НАМЕНА***

Намената на опфатот кој е предмет на овој Урбанистички проект е група на класи на намена **А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување** Комплементерна намени се Д3.1 - Спортски терени на отворено и Д3.3 – Објекти за

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# ЈАВЕН УВИД

На **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, со поединечна класа на намена А4.3 - викенд куќи и други објекти за времено сместување на КП бр.7244, м.в.Белите камења, КО Кавадарци вон град, Општина Кавадарци,** со тех.бр.01-02/2024 од октомври 2024 година изработен од Друштво за трговија на мало и проектирање АРХИКОНС Јован ДООЕЛ Кавадарци ќе трае 15 (петнаесет) дена во електронска форма, кој надлежниот орган го става на увид на јавноста со објавување на службената web страна на Општина Кавадарци https://kavadarci.gov.mk/ и **https://www.e-urbanizam.mk** во период од 12.12.2024 до 26.12.2024 година за кое време може да се доставaт евентуални забелешки, секој работен ден од 8.00 до 16.00 во просториите на Одделението за Урбанизам при Општина Кавадарци.

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**д-р Митко Јанчев**

**Изработил:**
**м-р.инж.арх Дијана Јовановска**

**Контролирал:**
**м-р.инж.арх Марија Данаилова**

**Одобрил:**
**дги Александра Деневска**